# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО
# НА
# ЈЗУ ГРАДСКА ОПШТА БОЛНИЦА
# „8-ми СЕПТЕМВРИ” - СКОПЈЕ

за период

1 јули – 31 декември 2017 година

Скопје,
Јануари 2018 година

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ... 3

2. МИСИЈА И ЦЕЛИ НА БОЛНИЦАТА ... 3

3. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ... 3

4. КАДАР ... 4

4.1. Материјална и дисциплинска одговорност ... 7

4.2. Други права од работен однос ... 7

5. КОНТРОЛА ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ ... 7

6. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ ... 8

7. ОПРЕМА ... 8

8. УЧЕСТВО НА ЕДУКАТИВНИ НАСТАНИ, ШКОЛУВАЊЕ И СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ ... 10

9. КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА ... 11

10. РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ... 11

11. ФИНАНСИСКИ ЕФЕКТИ ... 12

11.1. Вкупни обврски до 31 декември 2017 година ... 13

11.2. Споредбен преглед на трошоци за плата ... 13

12. ПРОЕКТИ ... 14

13. ТЕКОВНИ ПРОБЛЕМИ ... 15

## 1. ВОВЕД

Согласно чл. 110 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на РМ”, бр. 10/2013), директорот на ЈЗУ ГОБ “8-ми Септември” – Скопје има обврска да достави шестмесечен извештај за работењето на здравствената установа до Министерството за здравство.

Овој извештај има за цел да го запознае Министерството за здравство со работењето на болницата во периодот од 1 јули до 31 декември 2017 година.

## 2. МИСИЈА И ЦЕЛИ НА БОЛНИЦАТА

**Мисијата** на ЈЗУ Градската општа болница „8-ми Септември“ – Скопје е да обезбедува секундарна и дел терцијарна медицинска заштита во третманот на пациентите преку давање првокласна, ефикасна и рентабилна услуга на најдобро можно професионално ниво.

**Основните цели** и задачи на Болницата, насочени кон остварување на нејзината определба, опфаќаат исполнување на највисоките вредности за интегритет, почит кон луѓето, квалитет, раководење и тимска работа. Болницата е посветена на создавање опкружување во кое пациентот е во центарот на сè што се работи. Исто така, таа е посветена на остварување врвни резултати, како и на начинот како да се постигнат истите.

## 3. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Болницата е со површина од околу 61.387 м$^2$, за која од Агенцијата за катастар на недвижности се добиени имотни листови бр. 47480, 28050, 47496 и 55291.

Со добивањето на имотните листови и запишувањето во јавните книги ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје се здоби со трајно користење на недвижните ствари наведени во имотните листови.

Со Одлука бр.44-5608/1 од 03.10.2017 година за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје на Министерството за здравство му престана користењето на недвижни ствари – деловни простории лоцирани на ул. Париска КО Карпош КП 1818 зграда 1 влез 1 Имотен лист бр.55291 сопственост на Република Македонија. (Тоа е просторот кој Министерството за здравство го имаше дадено под закуп на ПЗУ Специјална хируршка болница Филип Втори). Примопредавањето помеѓу Министерството за здравство и ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ - Скопје е во завршна фаза.

Во постапка е предавање и на движните ствари од Министерството за здравство на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септервмри“ – Скопје кои се наоѓаа во просторот кој го користеше ПЗУ Специјална хируршка болница Филип Втори.

Другиот дел кој е сопственост на Министерството за здравство – Здравствен дом – Скопје е даден под концесија на стоматолози концесионери – околу 700 м$^2$ и концесионери педијатари – околу 130 м$^2$.

Воено-медицинскиот центар и Командата за логистичка поддршка – околу 8.800 $м^2$ и понатаму остануваат во сопственост на Министерството за одбрана.

## 4. КАДАР

Владата на Р.М. на 04.08.2017 година донесе Решение бр. 11-4749/1 со кое го разреши вршителот на должност директор Проф. д-р Сашо Стојчев. Владата на Р.М. со Решение бр. 11-4750/1 од 04.08.2017 година го именуваше Доц. д-р Христијан Костов за вршител на должноста директор на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје. На 12.08.2017 година се изврши промена во Централниот регистар.

На 1 јули 2017 година бројната состојба на вработените во болницата е 919 лица, а на 31 декември 2017 година бројната состојба е 969 лица.

**Табела 1. Структура на вработени во болницата на 1.07.– 31.12.2017 година**

| | **СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕН КАДАР** | **Број на вработени лица** |
|---|---|---|
| 1. | Д-ри на медицина – специјалисти | 149 |
| 2. | Д-ри на медицина – супспецијалисти | 13 |
| 3. | Д-ри на специјализација | 50 |
| 4. | Д-ри на медицина | 1 |
| 5. | Фармацевти специјалисти | 3 |
| 6. | Медицински сестри ССС, ВШС, ВСС | 308 |
| 7. | Лаботанти | 31 |
| 8. | Физиотерапевти | 24 |
| 9. | РТГ- техничари/технолози | 20 |
| 10. | Фармацевтски техничари | 7 |
| 11. | Здравствени соработници (психолози, социјални работници и др.) | 14 |
| 12. | Останати во не медицинскиот дел (ракувачи, администратори) | 349 |
| | | |
| | **Вкупен број вработени на неопределено време** | **969** |

По добиена финансиска согласност за 2017 година бр. 18-7093/2 од 04.08.2017 година и исправка на истата бр. 18-7093/4 од 28.11.2017 година беше објавен јавен оглас за прием на 60 медицински техничари на неопределено време.

На ден 30.12.2017 година конкурсот беше реализиран со пријавување во Агенција за вработување на 60 медицински техничари во редовен работен однос.

**Табела 2. Структура на вработен кадар до 31.12.2017**

| **СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕН КАДАР ДО 31.12.2017** | | |
|---|---|---|
| 1 | Д-р на медицина | 1 |
| 2 | Д-р на специјализација | 50 |
| 3 | Д-р специјалисти | 139 |
| 4 | Д-р субспецијалисти | 13 |
| 5 | Д-р на науки | 10 |
| | | **Вкупно доктори: 213** |
| 1 | Мед. техничари со ССП | 235 |
| 2 | Мед. техничари со ВШСП | 2 |
| 3 | Мед. техничари со ВМШ | 71 |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Вкупно мед. техничари: 308** |
| 1 | Фармацевти специјалисти | 3 |
| 2 | Фармацевтски техничари | 7 |
| | | **Вкупно: 10** |
| 1 | Физиотерапевт со ССП | 17 |
| 2 | Физиотерапевт со ВШСП | 1 |
| 3 | Физиотерапевт со ВМШ | 6 |
| | | **Вкупно физиотерапевти: 24** |
| 1 | РТГ технолози | 20 |
| | | **Вкупно РТГ технолози: 20** |
| 1 | Лаборант со ВМШ | 3 |
| 2 | Лаборант со ССП | 28 |
| | | **Вкупно лаборанти: 31** |
| 1 | Здравствени соработници | 14 |
| | | **Вкупно здравствени соработници: 14** |
| 1 | Останати | 349 |
| | | **Вкупно останати: 349** |
| | | **Вкупно медицински персонал: 969** |

**Табела 3. Број на лекари по дејности заклучно со 31.12.2017 година**

| Работна единица за вршење здравствена дејност | Број на постели | Субспеци-јалисти | Специја-листи | На специја-лизација |
|---|---|---|---|---|
| Општа , дигестивна хирургија и пластика | 61 | 4 | 9 | 1 |
| Урологија | 32 | | 9 | 1 |
| Ортопедија и трауматологија | 28 | | 8 | 4 |
| Интерна медицина | 83 | 7 | 37 | 15 |
| Анестезија и реанимација | 12 | | 12 | 13 |
| Инфективно | 23 | | 4 | |
| Офталмологија | 27 | | 4 | 4 |
| ОРЛ | 30 | | 7 | |
| Дерматовенерологија | 13 | | 6 | |
| Трансфузиологија | | | 4 | |
| Неврологија | 24 | | 12 | |
| Онкологија | | | | 1 |
| Психијатрија | 25 | 1 | 8 | |
| Радиологија | | 1 | 9 | 2 |
| Патологија | | | 2 | 3 |
| Физикална медицина | | | 6 | 2 |
| Медицина на труд | | | 2 | 2 |
| Централна биохемиска лабораторија | | | | 2 |
| **ВКУПНО** | **358** | **13** | **139** | **50** |

Поради објективниот недостаток на кадар и секојдневно зголемените обврски кои болницата ги презема (амбулантно-поликлиничка служба, болничко лекување, број на операции итн.), а поради неможност за нови вработувања, во болницата се ангажирани лица за времено извршување на определени работи.

За овие лица болницата обезбеди финансиска согласност од Министерство за финансии бр.18-15044/1 од 17.10.2016 година за фискалната 2017 година.

Лицата ангажирани со договор за дело се вклучени во секојдневната работа на болницата, а истовремено се врши и нивна едукација.

**Табела 4. Структура на лица ангажирани за времено вршење на определени работи во болницата до 31.12.2017 година**

| **ПРОФИЛ** | | **Вкупен број** |
|---|---|---|
| Медицински кадар | Д-ри на медицина | 2 |
| | | |
| | Здравствени соработници (психолози, соц.работници и др.) | 2 |
| | Медицински сестри (ССС, ВШС, ВСС) | 25 |
| | Вработени во лабoратории (здрав. работници и соработници) | 1 |
| | РТГ-техничари/технолози | 5 |
| | Физиотерапевти | 2 |
| | Фармацевтски техничари | / |
| Болничари | | 13 |
| Останати во медицински дел (ракувачи, администратори) | | 5 |
| Административен кадар | Правен техничар | / |
| | Економски техничар | / |
| | останати со ССС, ВШС | |
| | Правници | 2 |
| | Економисти | 1 |
| Технички персонал | | 2 |
| Хигиеничари | | 1 |
| | **ВКУПНО** | **61** |

Во однос на просечната старост на лекарите специјалисти е констатирано дека истата е околу 48 години, што ќе се одрази на намалување на специјалистичкиот кадар во блиска иднина.

Во следните 5 години 21 специјалист ќе заминат во пензија.

Друг кадар кој ќе замине во пензија во овој период се 6 медицински техничари и 30 останати.

Согласно измените на Законот за работни односи, договорот за вработување може да се продолжи за жени и мажи до 67 години.

**Табела 5. Одлив на лекари специјалисти по основ на исполнување услови за старосна пензија во следните 5 години, според дејноста**

| **Дејност** | **Година на заминување во пензија** |
|---|---|
| Интерна медицина – **1** | 2017 |
| Патологија -**1** | 2017 |
| Хирургија – **3** | 2018 |
| Физикална медицина - **1** | 2018 |
| Медицина на труд – **1** | 2018 |
| Урологија – **1** | 2018 |
| Анестезија и реанимација - **3** | 2018 |
| Интерна медицина – **1** | 2018 |
| Ортопедија -**1** | 2018 |
| Психијатрија -**1** | 2019 |

| | |
|---|---|
| Трансфузиологија – **1** | 2019 |
| Хирургија – **1** | 2020 |
| Трансфузиологија – **1** | 2020 |
| Неврохирургија – **1** | 2020 |
| Офталмологија – **1** | 2020 |
| Инфективно - **1** | 2021 |
| Трансфузиологија – **1** | 2021 |

Поради исполнување на планираниот вид и обем на услуги кои ги обезбедува болницата, потребно е постепено кадровско доекипирање и тоа:

- кадровско зајакнување со доктори специјалисти по ургентна медицина или интерна медицина, анестезиологија, васкуларна хирургија, трауматологија, неврохирургија, урологија, трансфузиологија, онкологија, инфектологија и др.
- вработување на 150 медицински техничари во најкраток рок поради недостаток од медицински техничари.

Исто така, потребно е вработување на немедицински персонал од областите на економијата, правото и кадри за техничко-логистичка поддршка (болничари, готвачи, хигиеничари, администратори-оператори, сервирки, машински техничари, возач и др.).

**Табела 6. Планирани вработувања за наредните 4 години**

| Моментален број вработени во болницата | | Планирано вработување до крај на | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2017 год. | 2018 год. | 2019 год. | 2020 год. |
| 969 | 60 | 150 | 100 | 80 |

### 4.1. Материјална и дисциплинска одговорност

Во извештајниот период нема поведени постапки за материјална одговорност.

Болницата има поведено една дисциплинска постапка поради неоправдано отсуство од работа. Истата се заврши со давање отказ на вработениот.

### 4.2. Други права од работен однос

Во текот на шестмесечниот период одобрено е едно барање за неплатено отсуство и за него се донесе решение. По завршување на неплатеното отсуство, вработениот се врати на работа.

Една вработена го користеше правото на неплатено родителско отсуство. По завршување на одобреното отсуство истата се врати на работа.

## 5. КОНТРОЛА ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ

Фондот за здравствена заштита, како и Државниот санитарен и здравствен инспекторат вршеа редовни и вонредни контроли во болницата.

## 6. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје покрај дејноста на општа болница со Законот за здравствена заштита може да врши и здравствена дејност на превентивни, периодични и контролни здравствени прегледи на сите лица, како и проверка на здравствениот статус на специфични категории на професии на вработени лица, државни и јавни службеници.

Министерството за здравство издаде Решение бр. 1204/2 од 22.05.2012 година на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје за вршење на здравствени прегледи за здравствена и психофизичка способност на кандидатите за возачи и возачи на моторни возила и издавање на уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со моторно возило, трактор и работна машина.

Со Решение бр. 10-4051/2 од 22.05.2012 година Министерството за здравство донесе решение за дополнување на решението за определување на здравствени установи во кои ќе се врши лекарски преглед на физичко лице заради утврдување на здравствената способност за поседување и носење на оружје.

Амбулантата за медицина на трудот во период од 1 јули до 31 декември 2017 изврши вкупно 482 прегледи и тоа: 77 прегледи за вработување, 64 прегледи за возачи, 51 прегледи за поседување и носење оружје, 290 систематски прегледи.

Во период од 1 јули до 1 август 2017 година се поведени 10 постапки за јавни набавки согласно Планот за јавни набавки и Законот за јавни набавки и тоа: 6 со отворена постапка, 2 барања со прибирање на понуди и 2 барања со прибирање на понуди до 5.000 евра.

Во период од 1 август до 31 декември 2017 година се поведени 48 постапки за јавни набавки согласно Планот за јавни набавки и Законот за јавни набавки и тоа: 25 со отворена постапка, 17 барања со прибирање на понуди и 6 барања со прибирање на понуди до 5.000 евра.

Со добивање на новата опрема во болницата и едукацијата на докторите на сметка на болницата и Министерството за здравство, во болницата продолжија да се воведуваат нови дијагностички и терапевтски процедури.

## 7. ОПРЕМА

Во периодот од 1 јули до 31 декември 2017 година се набавени следните материјално-технички средства:

**Основни средства набавени преку тендер спроведен од Министерство за здравство, донации и сл.:**

- Центрифуга универзална Домел (5 парчиња)
- ЕКГ апарати со две работни станици Шилер (4 парчиња)
- Дефибрилатор со принтер и трансторакален пејс-мејкер Шилер (4 парчиња)
- Апарат за дефибрилација Шилер (3 парчиња)
- Апарат за ергоспирометрија Шилер (1 парче)
- Видео бронхоскоп со широк работен канал и ХД видео систем Олимпус Медикал Системс (1 парче)

- Центрифуга со внатрешен систем на ладење Хетич (1 парче)
- Аудиометар за субјективно испитување на слухот Отометрикс (1 парче)
- Тимпанометар за објективно испитување на слухот со ОАЕ Отометрикс (1 парче)
- Апарат за испитување на рамнотежа Отометрикс (1 парче)
- Оперативен микроскоп за ОРЛ операции Хаг-Стрејт Сургикал ГМБХ (1 парче)
- Хируршки сет за Стапес КЛС Мартин (1 парче)
- Хируршки сет за Ринопластика КЛС Мартин (1 парче)
- Хируршки сет за тонсилектомија КЛС Мартин (1 парче)
- ЕКГ апарат Комен (4 парчиња)
- Автоматски анализатор за изработка на спермограм МЕК (1 парче)
- Портабл Ехо апарат со површинска сонда за тироидеа и други жлезди со внатрешно лачење Есаоте (1 парче)
- Ехо апарат со васкуларна сонда за периферија, сонда за ренална циркулација Есаоте (1 парче)
- Кревет за земање на крв Меспа (4 парчиња)
- Апарат за дијадинамична терапија БТЛ (3 парчиња)
- Апарат за краткобранова терапија БТЛ (1 парче)
- Машина за пакување инструменти со фолија Хаво (1 парче)
- Апарат за терапија со интерферентни струи Искра Медикал (2 парчиња)
- Апарат за галванизација Искра Медикал (6 парчиња)
- Ендоскопски сет за урологија Текно Медикал (1 парче)
- Монитор со стандарден инвазивен мониторинг Едан (10 парчиња)
- Монитори за пациент за мониторирање на виталните параметри со две централни мониторинг станици Едан (20 парчиња)

**Медицински апарати и опрема набавени од сопствени средства:**

- Набавка и инсталација на опрема за централен систем за третман на вода (омекната и дејонизирана) за централна стерилизација и операциони сали
- Набавка и инсталација на опрема за централен систем за технички компримиран воздух (компресор, разводна и регулациона табла, линии и сл.) за централна стерилизација и операциони сали
- Набавка на машина за миење инструменти за централна стерилизација
- Набавка на парен стерилизатор-аутоклав од 450л за централна стерилизација
- Набавка на два агрегати за струја 2х500ква
- Набавка и инсталација на систем за ред на чекање во клиничка лабораторија
- Набавка и распределба по сите одд. колички(лежечки и седечки) за транспорт на пациенти и колички за инструменти

**Градежни Работи**

- Пренамена и адаптација на простор за инсталација на опрема за централен систем за третман на вода за централна стерилизација и операциони сали
- Пренамена и адаптација на простор за инсталација на опрема за централен систем за технички компримиран воздух (компресор, разводна и

регулациона табла, линии и сл.) за централна стерилизација и операциони сали
- Адаптација на простор за поставување на машина за миење инструменти за централна стерилизација
- Адаптација на простор за поставување на парен стерилизатор - автоклав од 450л за централна стерилизација
- Адаптација на простор, поставување на фундамент за два агрегати за струја 2х500ква
- Извршена е санација на дел од кров од објектот (на 9-ти кат, над кујна и операциони сали)
- Изведба на нови простории во големиот ходник на први кат за амбуланти за ортопедски трауматизам

**Поголеми дефекти и поправки на апаратите:**

- Извршени сервисирања и тековни одржувања на поскапите апарати на РТГ одделение, операциони сали, анестезија, интензивните неги,лабораторија и др.
- Извршени сервисирања и тековни одржувања на системите за климатизација и вентилација во болницата со замена на филтри и чистење на канали
- Отпочнати активности и работи во Термоенергетскиот блок – котлара со лерниот ремонт и припрема за греење за сезона 2017/2018

## 8. УЧЕСТВО НА ЕДУКАТИВНИ НАСТАНИ, ШКОЛУВАЊЕ И СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Заради стручно усовршување и следење на новитетите, како во областа на медицината, така и во останатите области, вработените од болницата се упатуваат на едукативни настани кои се одржуваат во и надвор од Републиката:

- 157 здравствени работници присуствуваа на разни семинари, конгреси, симпозиуми и друга стручна едукација за совладување на вештините во медицината.
- 1 здравствен работник е упатен на стручно усовршување – специјализација (кардиологија) преку Министерството за здравство во Р. Хрватска.
- 1 здравствен работник е упатен на стручно усовршување – суспецијализација (урологија) преку Министерството за здравство во Обединетото Кралство Англија.
- Четворица здравствени работници кои беа примени со Програмата за кофинансирање ја заврши специјализацијата по ортопедија, неврологија, офталмологија и медицинска биохемија на Медицинскиот факултет во Скопје.
- Десет здравствени работници (лекари специјалисти) се во тек на докторски студии по медицина.
- Четиринаесет здравствени работници се на суспецијализација и тоа: четворица по дигестивна хирургија, тројца по кардиологија, еден по гастронтерохепатологија, еден по ендокринологија, еден по болест на зависности, еден по аудиологија, еден по гинеколошка и мама

радиодијагностика, еден по остеоартикуларна радиодијагностика и еден по нефрологија и
- Двајца доктори на медицина се упатени на специјализација (нефрологија и радиодитерапија) на Медицинскиот факултет во Скопје.

Болницата активно учествува и како координатор на разни презентации и семинари организирани од други установи.

Во болницата се спроведуваат стручни испити на средно, вишо и високо едуциран сестрински кадар.

Болницата има одлична соработка со другите јавни здравствени установи од Републиката, а остварува добра соработка и со други институции како во Републиката, така и надвор од неа.

Како резултат на добрата соработка учениците од Средното медицинско училиште „Панче Караѓозов” остваруваат феријална пракса во болницата.

Дел од учениците од Средното угостителско училиште „Димитар Влахов” остваруваат пракса во болничката кујна.

Болницата има добра соработка и со Министерството за здравство преку навремено информирање на Министерството за сите активности на болницата. Исто така, учествува во проекти на Министерството за здравство како што е дисперзирана клиника. Преку проектите на Министерството за здравство докторите од болницата учествуваат во проектот телемедицина, како и едукација за примена на определена метода од областа офталмологија (Фако метода) и од областа на оториноларингологијата во други јавни здравствени установи.

Болницата има добра соработка и со Фондот за здравствено осигурување на Македонија во остварувањето на правата на пациентите.

Болницата остварува добра соработка и со здружението „НЕФРОН” за пациентите кои доаѓаат на дијализа во болницата.

Болницата остварува добра соработка и со здравствени установи надвор од земјата како што се Воената медицинска академија – Белград, Специјалната болница „Св. Сава“ – Белград, Клиничкиот центар „Дедиње“ – Белград, Клиничкиот центар „Ребро” – Загреб и Клиничкиот центар – Сплит.

## 9. КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА

Во однос на компјутеризацијата во болницата, во периодот јули-декември 2017 се извршуваа секојдневни активности врзани со апликативна и техничка поддршка на компјутерскиот систем.

## 10. РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Во следната табела се прикажани активностите на болницата во давањето здравствени услуги на пациентите за периодот 1 јули – 31 декември 2017 година.

| Рб. | Активност | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Број на амбулантни прегледи | 111.928 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Број на анализи – Централна биохемиска лабораторија | 426.003 |
| 3. | Број на услуги – Радиологија | 29.900 |
| 4. | Број на анализи – Трансфузиологија | 32.024 |
| 5. | Број на хоспитализирани пациенти | 6.759 |
| 6. | Број на операции – дигестивна хирургија | 473 |
| 7. | Број на операции – општа и ургентна хирургија | 471 |
| 8. | Број на операции – ортопедија и трауматологија | 459 |
| 9. | Број на операции – урологија | 356 |
| 10. | Број на операции – офталмологија | 845 |
| 11. | Број на операции – ОРЛ | 399 |
| 12. | Број на операции – неврохирургија | 67 |
| 13. | Денови на хоспитализација | 44.022 |
| 14. | Просечно денови на престој | 6,51 |

Во прилог се извештаи за видот и обемот на здравствени услуги на осигурените лица за специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита за период јули-декември 2017 година.

## 11. ФИНАНСИСКИ ЕФЕКТИ

Во следната табела се прикажани остварените финансиски резултати на болницата во 2017 година.

| **ПРИХОДИ И ТРОШОЦИ** | **01.01-30.06.2017** | **01.07.-03.08.2017** | **04.08.-31.12.2017** | **01.01.-31.12.2017** |
|---|---|---|---|---|
| **ПРИХОДИ** | | | | |
| **Уплатени средства од ФЗОМ с/ка 737** | **470.884.625** | **66.240.259** | **392.812.483** | **929.937.367** |
| **Остварени сопствени ср-ва с/ка 531** | **53.041.928** | **8.725.797** | **43.286.821** | **105.054.546** |
| Наплатена партиципација (к-то 2623) 531 | 30.862.083 | 4.835.631 | 25.672.814 | **61.370.528** |
| Наплата 100% (к-то 2622) 531 | 4.017.687 | 500.894 | 2.430.562 | **6.949.143** |
| Наплата конзилијарни (к-то 2624) 531 | 3.138.120 | 603.600 | 2.646.120 | **6.387.840** |
| Останати приходи с/ка 531 | 15.024.038 | 2.785.672 | 12.537.325 | **30.347.035** |
| **Повраќај на ср-ва** | | | | **315.767** |
| **Остварени приходи с/ка 532** | **7.557.366** | **895.334** | **3.933.354** | **12.386.054** |
| **Донации с/ка 485** | **158.500** | **0** | **18.405** | **176.905** |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **531.642.419** | | **440.051.063** | **1.047.554.872** |
| | | | | |
| Фактурирани износи кон ФЗОМ | 397.797.998 | 58.371.827 | 331.145.334 | 787.315.159 |
| Побарувања на средства | 19.384.079 | 224.446 | 2.706.463 | 22.314.988 |
| | | | | |
| **ТРОШОЦИ** | | | | |
| Плати со придонеси | 205.041.807 | 34.115.315 | 168.892.155 | 408.049.277 |
| Надоместоци | 275.401 | 0 | 145.195 | 420.596 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Патни и дневни расходи | 690.635 | 131.000 | 561.565 | 1.383.200 |
| Комунални трошоци | 43.857.384 | 2.851.507 | 24.750.707 | 71.459.598 |
| Материјали и ситен инвентар | 7.541.297 | 1.255.363 | 8.475.387 | 17.272.047 |
| Лекови | 28.962.473 | 4.261.428 | 28.214.686 | 61.438.587 |
| Потрошен медицински материјал | 142.741.225 | 20.245.345 | 122.333.674 | 285.320.244 |
| Храна | 6.527.859 | 463.399 | 8.401.367 | 15.392.625 |
| Поправки и тековно одржување | 47.733.275 | 8.491.871 | 33.425.425 | 89.650.571 |
| Договорни услуги | 19.069.446 | 3.422.169 | 17.926.516 | 40.418.131 |
| Други тековни расходи | 1.582.928 | 83.218 | 2.103.400 | 3.769.546 |
| Трансфери при пензионирање | 247.668 | 0 | 250.711 | 498.379 |
| Други трансфери | 794.053 | 28.853 | 551.481 | 1.374.387 |
| Опрема | 23.228.235 | 190.000 | 23.526.219 | 46.944.454 |
| Градежни објекти | 0 | 0 | 2.197.060 | 2.197.060 |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **528.293.686** | **75.539.468** | **441.755.548** | **1.045.588.702** |
| ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** | | | | ***1.047.554.872*** |
| ***ВКУПНО РАСХОДИ*** | | | | ***1.045.588.702*** |
| ***РАЗЛИКА*** | | | | ***1.966.170*** |
| *- Пари на жиро с/ка 531* | | | | *8.894* |
| *- Пари во благајна* | | | | *61.009* |
| *- Пари на жиро с/ка 532* | | | | *35.000* |
| *- Повраќај на средства* | | | | *315.767* |

## 11.1. Вкупни обврски до 31 декември 2017 година

| | |
|---|---|
| *Пренесени обврски во 2017 година* | *395.042.621* |
| *Пренесени обврски во 2017 година - добавувачи* | *361.868.429* |
| *Достасани обврски – ДОЛГОВИ на 31.12.2016 год.* | *252.926.893* |

| | **01.01-30.06.2017** | **01.07.-30.07.2017** | **01.08.-31.12.2017** |
|---|---|---|---|
| *Нови обврски во 2017 год.* | *304.360.315* | *37.301.463* | 253.895.869 |
| *Доспеан долг во 2017 год. (кумулатив)* | *234.486.741* | *242.855.317* | 229.735.303 |

| | |
|---|---|
| *Состојба на обврски на 31.12.2017 год.* | *344.747.664* |

## 11.2. Споредбен преглед на трошоци за плата

| ***Споредбен преглед на трошоци за плата и договорни услуги по години*** | ***2015*** | ***2016*** | ***2017*** |
|---|---|---|---|
| *Во денари* | *353.169.910* | *404.101.766* | *418.412.374* |

## 12. ПРОЕКТИ

Во периодот од 1 јули до 31 декември 2017 година продолжија започнатите проекти и градежни активности со цел зголемување на ефикасноста во работењето и давањето поквалитетни здравствени услуги, и тоа:

- **Стручно усовршување на кадарот**

Заради давање соодветни здравствени услуги кои ги следат модерните текови во медицината, потребно е усовршување на кадарот преку специјализации и супспецијализаци и докторски студии. Истовремено, потребно е и стручно усовршување за работа со новата медицинска опрема со која располага болницата. Усовршувањето и во моментов извонредно функционира, а се надеваме дека трендот ќе продолжи и понатаму.

- **Изградба на Центар за конзервативен хируршки третман на дијабетично стапало и останати типови гангрена**

Проектот опфаќа градење референтен центар за третман на дијабетично стапало, а ќе располага и со септична сала за ампутации..

- **Реконструкција на интензивната нега на Одделот за анестезија, реанимација и интензивно лекување**

Двете сали за интензивно лекување не се реновирани повеќе од 20 години и на половина од 12-те кревети не функционираат конекторите за медицински гасови.

- **Реконструкција на Хируршкиот оперативен блок**

Операционите сали (општо хируршки – 2, уролошки – 1 и ортопедско-трауматолошка – 1), офталмологија и ОРЛ се во употреба над 40 години и е неопходно потребна нивна реконструкција и реновирање.

- **Отворање на микробиолошка лабораторија**

Заради обезбедување комплетни лабораториски испитувања во состав на болницата потребно е да има микробиолошка лабораторија. За остварување на овој проект постојат две можности и тоа или преземање на лабораторијата за микробиологија од Воениот медицински центар, која минимално се користи или отворање сопствена лабораторија за микробиологија.

- **Отворање на оддел за радиотерапија со онкологија**

Министерството за здравство изгради и набави акцелератор за болницата, но потребно е да се доуреди просторот со останата опрема и обезбеди кадар за работа.

- **Отворање на траума центар**

Проектот опфаќа отворање на траума центар каде ќе се згрижуваат поли траиматизирани и мулти трауматизирани пациенти.

- **Развивање на Оддел за неврохирургија**

Проектот опфаќа оформување на простор, кадар за непречено работење на одделот за неврохирургија.

- **Изградба на хелиодром**

Тоа подразбира создавање на просторни услови за отворање на хелиодром со што болницата ќе биде достапна и по воздушен пат за итните случаи.

**Заклучок**

Со остварување на горе наведените проекти се дефинира развојот на болницата во секој смисла и нејзино преоѓање во Универзитетски градски клинички центар со што би се оствариле условите за добивање статус на наставно-научна институција во склоп на некои од државните медицински факултети – Медицинскиот факултет во Скопје или Медицинскиот факултет во Штип.

## 13. ТЕКОВНИ ПРОБЛЕМИ

Во текот на своето работење болницата се соочи со следните проблеми:

- Одобрениот буџет на болницата е недоволен за да го прати зголемениот обем на работа на болницата. Со зголемениот обем на работа се продуцираат долгови.
- Приоритети во инфраструктурата и тоа:
  - замена на водоводната и канализациската инфраструктура по хоризонтала и вертикала (стара повеќе од 40 години) со нова инфраструктура,
  - поставување нова трафостаница, бидејќи моќноста на постоечката не ги задоволува капацитетите на болницата,
  - замена на прозорите за добивање термоенергетска ефикасност, и друго.
- Проценка од надворешна експертиза со којашто ќе се утврди дали потенцијалот на електроенергетскиот систем соодветствува со потрошувачкиот капацитет на ново инсталираната медицинска опрема.
- Губење на статусот на наставна база кој статус Воената болница го имаше од 1978 година, односно не склучување на договор за вршење на наставна дејност во нашата установа со деканатот на Медицинскиот факултет во Скопје. Во дозволата за работа децидно е наведена можноста за склучување договори со Медицинскиот, Стоматолошкиот и други факултети за вршење наставна дејност.

**Предлог:** Преоѓање на болницата во Градски Универзитетски клинички центар со што би се оствариле условите за понатамошен стручен, а особено и научен развој на болницата, како и склучување договор со Медицинскиот факултет.

**ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“**
**в.д. Директор**
**Доц. д-р Христијан Костов**